# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 01-07.05.2023

Тестирани се вкупно 872 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со намалување од 18,5% во однос на минатата недела (n=1.070).

Регистрирани се 66 нови позитивни случаи, со намалување од 19,5% во однос на минатата недела (n=82). Процентот на позитивност се движи од 1,4% до 8,8%, просечно 7,3%.

***Табела 1.*** *Тестирани и позитивни во период од 01-07.05.2023*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| ***01.5.2023*** | 70 | 1 | 1,4% |
| ***02.5.2023*** | 209 | 16 | 7,7% |
| ***03.5.2023*** | 181 | 15 | 8,3% |
| ***04.5.2023*** | 153 | 13 | 8,5% |
| ***05.5.2023*** | 156 | 12 | 7,7% |
| ***06.5.2023*** | 57 | 5 | 8,8% |
| ***07.5.2023*** | 46 | 4 | 8,7% |
| ***Вкупно*** | ***872*** | ***66*** | ***7,3%*** |

Во тековната недела, регистрирани се заболени лица во општините од 13 градови. Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=36; 54,5%), а највисока инциденца е регистрирана во Крива Паланка (13,9/100.000) и Демир Хисар Крива Паланка (13,8/100.000). (*Табела 2*).

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=33; 53,2%). Со оглед на малиот број на пријавени случаи, зголемувањето/намалувањето по возрасни групи е варијабилно.

Во текот на минатата недела (01-07.05.2023) со статус „оздравени“ се стекнале 98 лица, за 21,0% повеќе во однос на минатата недела (n=81).

Пријавено е едно починато лице во текот на последната недела (01-07.05.2023), од Охрид, на возраст од 79 години, со коморбидитети и починато во болнички услови.

**На 05.05.2023, согласно препораките на експерите од петнаесеттиот состанок на Комитетот за итни случаи[1], МЗП (2005), за пандемијата КОВИД-19, Генералниот директор на СЗО утврди дека КОВИД-19 повеќе не претставува јавно-здравствена итност од меѓународен интерес (PHEIC).**

---

[1] https://www.who.int/news/item/05-05-2023-statement-on-the-fifteenth-meeting-of-the-international-health-regulations-(2005)-emergency-committee-regarding-the-coronavirus-disease-(covid-19)-pandemic

Во однос на состојбата во светот, по земји, најновите податоци од СЗО се на следниот линк - https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/situation-reports/

## КУМУЛАТИВНА СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 07.05.2023, пријавени се вкупно 348.276 случаи на COVID-19 (I=18.961,9/100.000).

Најголем дел од заболените се регистрирани во Скопје, Куманово и Битола, а највисок морбидитет е регистриран во Кавадарци (30.886,2/100.000) и Скопје (27.161,5/100.000). Највисок морталитет се регистрира во Охрид, Кавадарци и Прилеп. Највисок леталитет се регистрира во Струга и Крива Паланка (*Табела 2*).

***Табела 2.*** *Кумулативна дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, до 07.05.2023*

| Дистрибуција по градови | Заболени (вкупно) | Морбидитет | Умрени (вкупно) | Морталитет (кумулативно) | Леталитет (кумулативно) | Оздравени (вкупно) | Активни случаи (вкупно) | Заболени (последни 7 дена) | Инциденца последни 7 дена | Заболени последни 14 дена | Инциденца последни 14 дена | Промена на инциденца во два 14 дневни периоди |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **348276** | **18961,9** | **9937** | **541,0** | **2,9%** | **338265** | **74** | **66** | **3,6** | **148** | **8,1** | ▼ 16,4% |
| Скопје | 164872 | 27161,5 | 3354 | 552,5 | 2,0% | 161480 | 38 | 36 | 5,9 | 73 | 12,0 | ▼ 24,0% |
| Куманово | 18449 | 14888,7 | 652 | 526,2 | 3,5% | 17791 | 6 | 6 | 4,8 | 14 | 11,3 | ▲ 40,0% |
| Битола | 18283 | 19639,1 | 515 | 553,2 | 2,8% | 17764 | 4 | 3 | 3,2 | 11 | 11,8 | ▼ 31,3% |
| Прилеп | 15880 | 18186,4 | 613 | 702,0 | 3,9% | 15259 | 8 | 5 | 5,7 | 15 | 17,2 | ▼ 25,0% |
| Тетово | 14550 | 8717,9 | 609 | 364,9 | 4,2% | 13940 | 1 | 1 | 0,6 | 4 | 2,4 | ▲ 100,0% |
| Кавадарци | 12209 | 30886,2 | 288 | 728,6 | 2,4% | 11919 | 2 | 2 | 5,1 | 2 | 5,1 | ▼ 50,0% |
| Велес | 10860 | 18209,9 | 346 | 580,2 | 3,2% | 10513 | 1 | 1 | 1,7 | 2 | 3,4 | ▼ 33,3% |
| Охрид | 10458 | 18963,9 | 430 | 779,7 | 4,1% | 10021 | 7 | 5 | 9,1 | 14 | 25,4 | ▲ 16,7% |
| Гостивар | 10300 | 12167,2 | 444 | 524,5 | 4,3% | 9855 | 1 | 1 | 1,2 | 2 | 2,4 | = 0,0% |
| Штип | 8832 | 18291,0 | 250 | 517,7 | 2,8% | 8582 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 2,1 | ▼ 66,7% |
| Струмица | 8821 | 11162,0 | 402 | 508,7 | 4,6% | 8418 | 1 | 1 | 1,3 | 1 | 1,3 | = 0,0% |
| Кичево | 6093 | 15359,6 | 233 | 587,4 | 3,8% | 5860 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 2,5 | = 0,0% |
| Кочани | 5563 | 14206,2 | 230 | 587,3 | 4,1% | 5333 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Струга | 5222 | 9790,2 | 309 | 579,3 | 5,9% | 4913 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Гевгелија | 4929 | 22838,5 | 133 | 616,3 | 2,7% | 4796 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 4,6 | ▼ 50,0% |
| Неготино | 4172 | 22930,6 | 99 | 544,1 | 2,4% | 4073 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Ресен | 3041 | 21157,7 | 65 | 452,2 | 2,1% | 2976 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Радовиш | 2846 | 10600,8 | 106 | 394,8 | 3,7% | 2740 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Свети Николе | 2805 | 15952,0 | 80 | 455,0 | 2,9% | 2725 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Крива Паланка | 2673 | 12418,7 | 130 | 604,0 | 4,9% | 2540 | 3 | 3 | 13,9 | 4 | 18,6 | ▲ 300,0% |
| Делчево | 2194 | 16150,2 | 75 | 552,1 | 3,4% | 2119 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Берово | 1892 | 17373,7 | 61 | 560,1 | 3,2% | 1831 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Дебар | 1822 | 9523,3 | 83 | 433,8 | 4,6% | 1739 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Валандово | 1610 | 15321,7 | 51 | 485,3 | 3,2% | 1559 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Виница | 1481 | 10231,4 | 69 | 476,7 | 4,7% | 1411 | 1 | 1 | 6,9 | 1 | 6,9 | = 0,0% |
| Пробиштип | 1306 | 9733,9 | 52 | 387,6 | 4,0% | 1254 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Кратово | 1139 | 15096,1 | 38 | 503,6 | 3,3% | 1101 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Богданци | 1115 | 15192,8 | 30 | 408,8 | 2,7% | 1085 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Крушево | 1044 | 12450,8 | 46 | 548,6 | 4,4% | 998 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Демир Хисар | 941 | 12961,4 | 43 | 592,3 | 4,6% | 897 | 1 | 1 | 13,8 | 1 | 13,8 | = 0,0% |
| Македонски Брод | 806 | 7971,5 | 32 | 316,5 | 4,0% | 774 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 9,9 | = 0,0% |
| Демир Капија | 635 | 16812,3 | 20 | 529,5 | 3,1% | 615 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Македонска Каменица | 540 | 8386,4 | 25 | 388,3 | 4,6% | 515 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Пехчево | 521 | 13080,6 | 16 | 401,7 | 3,1% | 505 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Дојран | 372 | 12062,3 | 8 | 259,4 | 2,2% | 364 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |

Регистрирани се 166.016 (47,7%) машки и 182.260 (52,3%) женски заболени лица.

Најголем број на заболени се на возраст над 60 години – 89.449 (25,7%), додека највисок морбидитет (26.185,1/100.000) се регистрира кај возрасната група од 30-39 години (*Графикон 1*).

**<u>Графикон 1</u>.** *Дистрибуција на заболените од COVID-19 според возрасна група (n=348.276)*




Во однос на <u>датумот на пријавување</u>, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Најголем број на заболени на неделно ниво (n=11.881) е регистриран во текот на четвртата недела во 2022. Се регистрира плато на бројот на случаите од ноември 2022 до првата недела од мај 2023, со повремени флуктуации кои се резултат на нискиот број на тестирани и позитивни лица, како и празничните периоди во последните недели (*Графикон 2*).

**<u>Графикон 2.</u>** *Дистрибуција на заболените од COVID-19 во Р. С. Македонија според недела на лабораториска дијагностика, до 07.05.2023 (n=348.276)*



Според извештаите од болниците, моментално се хоспитализирани 11 лица, од нив 5 се на кислородна поддршка, а нема пациенти на инвазивна/неинвазивна механичка вентилација.

Регистрирани се 9.937 смртни случаи (Лт=2,9%). Најголем број се регистрирани во тек на 14/2021 (n=325). Најголем дел се машки (59,5%), а во однос на возраст - лица над 60 години (83,8%). Кај 81,2% се регистрирани коморбидитети. Од регистрираните случаи, 37 починале во тек на реинфекција. Регистрирани се 9 смртни случаи кај бремени и 43 смртни случаи кај здравствени работници. Од смртните случаи, 8.980 (90,4%) во хоспитални услови.

Според исходот од заболувањето, 74 лица (0,02%) се активни случаи, а 338.265 случаи (97,13%) се водат како оздравени, кои биле или хоспитализирани или на домашно лекување (*Табела 3*).

***Табела 3.*** *Исход на заболување по градови, Р.С. Македонија (n=348.276)*

| Дистрибуција по град | Болест во тек | Оздравен | Смртен исход | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 38 | 161480 | 3354 | 164872 |
| **Куманово** | 6 | 17791 | 652 | 18449 |
| **Битола** | 4 | 17764 | 515 | 18283 |
| **Прилеп** | 8 | 15259 | 613 | 15880 |
| **Тетово** | 1 | 13940 | 609 | 14550 |
| **Кавадарци** | 2 | 11919 | 288 | 12209 |
| **Велес** | 1 | 10513 | 346 | 10860 |
| **Охрид** | 7 | 10021 | 430 | 10458 |
| **Гостивар** | 1 | 9855 | 444 | 10300 |
| **Штип** | | 8582 | 250 | 8832 |
| **Струмица** | 1 | 8418 | 402 | 8821 |
| **Кичево** | | 5860 | 233 | 6093 |
| **Кочани** | | 5333 | 230 | 5563 |
| **Струга** | | 4913 | 309 | 5222 |
| **Гевгелија** | | 4796 | 133 | 4929 |
| **Неготино** | | 4073 | 99 | 4172 |
| **Ресен** | | 2976 | 65 | 3041 |
| **Радовиш** | | 2740 | 106 | 2846 |
| **Свети Николе** | | 2725 | 80 | 2805 |
| **Крива Паланка** | 3 | 2540 | 130 | 2673 |
| **Делчево** | | 2119 | 75 | 2194 |
| **Берово** | | 1831 | 61 | 1892 |
| **Дебар** | | 1739 | 83 | 1822 |
| **Валандово** | | 1559 | 51 | 1610 |
| **Виница** | 1 | 1411 | 69 | 1481 |
| **Пробиштип** | | 1254 | 52 | 1306 |
| **Кратово** | | 1101 | 38 | 1139 |
| **Богданци** | | 1085 | 30 | 1115 |
| **Крушево** | | 998 | 46 | 1044 |
| **Демир Хисар** | 1 | 897 | 43 | 941 |
| **Македонски Брод** | | 774 | 32 | 806 |
| **Демир Капија** | | 615 | 20 | 635 |
| **Македонска Каменица** | | 515 | 25 | 540 |
| **Пехчево** | | 505 | 16 | 521 |
| **Дојран** | | 364 | 8 | 372 |
| **ВКУПНО** | **74** | **338.265** | **9.937** | **348.276** |

Заклучно со 07.05.2023, регистрирани се вкупно 22.050 (6,3%) реинфекции.

Од 20.02.2020-07.05.2023 тестирани се вкупно 2.241.266 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест.

Од вкупниот број на тестирани материјали, 1.477.505 или 65,9% се со молекуларно (PCR) тестирање, додека останатите 763.761 или 34,1% се со брз антигенски тест.

## ПРОЦЕНА НА РИЗИК ЗА ПОНАТАМОШНО ШИРЕЊЕ НА COVID-19 И ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ

Репродукцискиот број на заразени од COVID-19 (R0) во Р. С. Македонија изнесува 1,53 заклучно со 07.05.2023, во споредба со претходната недела (1,27).

***Графикон 3.*** Дневна инциденца на 100.000 жители и R0, COVID-19, Р.С.М, до 07.05.2023




**Препорачани мерки за превенција и контрола од СЗО согласно проценетата фаза и подниво**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 17.02.2021 во Р. С. Македонија започна вакцинацијата против COVID-19.

Заклучно со 07.05.2023, вакцинирани се вкупно 876.118 лица со барем една доза на вакцина против COVID-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.202 лица (Табела 4).

***<u>Табела 4.</u>*** *Вакцинирани лица против COVID-19, РСМ, по тип на вакцина/ доза*

| вакцина/ доза | Прва доза | Втора доза | Трета доза | Четврта доза | Петта доза | Вкупно аплицирани дози |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Pfizer/Biontech | 376004 | 366735 | 162970 | 8508 | 1 | 914218 |
| Sinovac | 251209 | 245502 | | 1 | | 496712 |
| Sinopharm | 153573 | 152869 | | | | 306442 |
| AstraZeneca | 71549 | 68882 | | | | 140431 |
| Sputnik V | 23304 | 22999 | | | | 46303 |
| Moderna | 210 | 184 | 80 | 135 | | 609 |
| Janssen* | 269 | 31 | | | | 300 |
| ВКУПНО | **876118** | **857202** | **163051** | **8644** | **1** | **1905016** |

*вакцинирани само во странство

Со една доза на вакцина против COVID-19, во државата и странство, вакцинирани се 59,7% од населението над 18 годишна возраст, односно 55,2% од население над 12 годишна возраст, додека од вкупното население вакцинирани се 47,7%.

Опфатот со две дози на вакцина против COVID-19 кај населението над 18 годишна возраст изнесува 58,4%, односно 54,0% кај население над 12 годишна возраст. Опфатот со две дози кај вкупното население изнесува 46,7%.

Опфатот со трета доза кај населението над 18 годишна возраст изнесува 11,1%, додека кај населението над 12 годишна возраст е 10,3%. Опфатот со трета доза на вкупното население изнесува 8,9%.

Со четврта доза се вакцинирани вкупно 0,59% од населението над 18 годишна возраст, односно 0,55% од населението над 12 годишна возраст, а опфатот кај вкупното население изнесува 0,47%.

Најголем број на вакцинирани лица е регистриран во 33-та недела од 2021 година (n=102.132). Бројот на аплицирани дози изминатата недела изнесува вкупно 14, од тоа 7 се прва доза, 7 како втора доза.

Скопје, 08.05.2023

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***